**Влада на Република Северна Македонија**

Скопје, 27 август 2024 година
Бр. 41-2504/5

До
Претседателот на Собранието
на Република Северна Македонија
Скопје

Врз основа на членот 91 алинеја 2 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија Ви поднесува Предлог на закон за изменување на Законот за матичен број, по скратена постапка, што го утврди на седницата, одржана на 27 август 2024 година.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Панче Тошковски, министер за внатрешни работи и д-р Астрит Исени, заменик на министерот за внатрешни работи, а за повереници Сашо Петрушевски, државен секретар во Министерството за внатрешни работи и м-р Анета Златаревска, помошник на министерот за внатрешни работи.

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија

проф. д-р Христијан Мицкоски

| | |
|---|---|
| Подготвил: | Маја Богоевска, помлад соработник |
| Проверил: | Катерина Јаневска/Никола Пасков, рак. на одделение |
| Контролирал: | м-р Стојанчо Радичевски/Jetmira Maliqi, пом. рак. на сектор |
| Согласен: | Снежана М.Пендовски, државен советник |
| | Зоран Брњарчевски, раководител на сектор |
| Одобрил: | Игор Јанушев, генерален секретар на Владата |

ПРЕДЛАГАЧ: Владата на Република Северна Македонија

ПРЕТСТАВНИЦИ: Панче Тошковски, министер за внатрешни работи и

д-р Астрит Исени, заменик на министерот за внатрешни работи

ПОВЕРЕНИЦИ: Сашо Петрушевски, државен секретар во Министерството за внатрешни работи и

м-р Анета Златаревска, помошник на министерот за внатрешни работи

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
за изменување на Законот за матичен број, по скратена постапка

Скопје, август 2024 година

В О В Е Д

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДАТ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Министерството за внатрешни работи, согласно законски утврдениот делокруг на надлежности, е носител на Законот за матичен број („Службен весник на Република Македонија" бр. 137/13 и 55/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр. 67/22), со кој се уредуваат структурата, определувањето, поништувањето и евиденцијата на матичниот број на граѓанинот на Република Северна Македонија и матичниот број на странецот.

Со предложената измена се врши терминолошко усогласување на значењето на изразот „странец" употребен во Законот за матичен број со категориите на странци утврдени во Законот за меѓународна и привремена заштита („Службен весник на Република Македонија" бр. 64/18), за кои е определено да имаат матичен број.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Предлогот на закон за изменување на Законот за матичен број по скратена постапка, се заснова врз истите начела врз кои е заснован Законот за матичен број.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на законот не предизвикува финансиски импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на предложениот закон не се потребни дополнителни финансиски средства од Буџетот на Република Северна Македонија.

## V. ПРЕГЛЕД НА ЗАКОНИТЕ ШТО ТРЕБА ДА СЕ ИЗМЕНАТ СО ДОНЕСУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ И ПРОПИСИТЕ ШТО ТРЕБА ДА СЕ ДОНЕСАТ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Донесувањето на Предлогот на законот за изменување на Законот за матичен број, по скратена постапка имплицира изменување и дополнување на Правилникот за образецот на потврда за искажаната намера за поднесување на барање за признавање право на азил, образецот на барањето за признавање право на азил, образецот за првичен разговор за регистрација на барател на азил, образецот на записник за спроведен разговор во врска со поднесено барање за признавање право на азил, образецот на записникот за прием на усно барање за признавање право на азил, образецот на барањето за признавање право на азил по основ на семејно обединување, начинот на земање на отпечатоци од прсти и фотографирање на барателите на право на азил, образецот и начинот на издавање и замена на исправи на баратели на право на азил и лица на кои им е признаено право на азил или привремена заштита (идентификациона исправа за барател на право на азил, лична карта на лице со статус на бегалец, лична карта на лице под супсидијарна заштита, патна исправа на лице статус на бегалец, идентификациона исправа за лица под привремена заштита) и за начинот на водење на евиденција („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 79/19).

## VI. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Со оглед на тоа што не се работи за обемен и сложен закон, согласно член 175 став (1) алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, се предлага овој закон да се донесе по скратена постапка.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА
ЗАКОНОТ ЗА МАТИЧЕН БРОЈ

Член 1

Во Законот за матичен број („Службен весник на Република Македонија“ бр. 137/13 и 55/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр. 67/22), во член 2 алинејата 2 се менува и гласи:

„- изразите „лице со статус на бегалец“, „лице под супсидијарна заштита“ и „лице под привремена заштита“, утврдени со Законот за меѓународна и привремена заштита (*).“

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА МАТИЧЕН БРОЈ

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ

Министерството за внатрешни работи, согласно законски утврдениот делокруг на надлежности, е носител на Законот за матичен број („Службен весник на Република Македонија“ бр. 137/13 и 55/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр.67/22), со кој се уредуваат структурата, определувањето, поништувањето и евиденцијата на матичниот број на граѓанинот на Република Северна Македонија и матичниот број на странецот.

Со предложената измена се врши терминолошко усогласување на значењето на изразот „странец“ употребен во Законот за матичен број со категориите на странци утврдени во Законот за меѓународна и привремена заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 64/18), за кои е определено да имаат матичен број.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во предложените одредби имаат за цел терминолошко усогласување на значењето на изразот „странец“ утврден во Законот за матичен број со категориите на странци утврдени во Законот за меѓународна и привремена заштита.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со усвојување на предложениот закон ќе се овозможи содржинско и нормативно-правно допрецизирање на законските решенија во правец на нивно унапредување и усогласување со прописи донесени по донесувањето на основниот текст на Законот за матичен број, што би овозможило доследна практична имплементација на одредбите од Законот за матичен број.

И З В О Д
НА ОДРЕДБАТА ОД ЗАКОНОТ ЗА МАТИЧЕН БРОЈ
ШТО СЕ МЕНУВА

Член 2

Изразот „странец“, во смисла на овој закон, има исто значење како и:
- изразот „странец“ кој е утврден со Законот за странците и
- изразите „лице кое има статус на признаен бегалец во Република Северна Македонија“ и „лице кои има статус на лице под супсидијарна заштита во Република Северна Македонија“ утврдени со Законот за азил и привремена заштита.